РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-1096/2
06. 02. 2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за инспекциски надзор во животната средина животна средина (Сл. Весник на РСМброі 99/2022) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следниот:

# П Л А Н

## за надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје за 2023 година

**член 1**

Министерството за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст на планот - МЖСПП), врши надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

**член 2**

Надзорот над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопіе се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежности.

**член 3**

Комисијата при надзорот над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво во текот на 2023 година ќе ги спроведе следните активности:

1. Проверува дали општината, општината во градот Скопіе и Градот Скопіе имаат определено инспектор за животна средина на локално ниво или е формирана заедничка администрациіа за вршење инспекциски надзор во животната средина;
2. Оценува дали општината, општините во градот Скопіе и Градот Скопіе ги следат и реализираат планските документи согласно со Законот за инспекциски надзор во животната средина;
3. Проверува дали инспекторите за животна средина на локално ниво, инспекцискиот надзор во животната средина го спроведуваат согласно со актите и прописите за вршење инспекциски надзор во животната средина и


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Проверува дали инспекторите за животна средина на локално ниво ги доставуваат односно ги внесуваат податоците во базата на податоци за инспекциски надзор во животната средина.

**член 4**

Во текот на 2023 година, надзорот над законитоста на работата ке се изврши на следните општини:

1. Град Скопје
2. Општина Аеродром
3. Општина Радовиш
4. Општина Струмица
5. Општина Прилеп
6. Општина Ресен
7. Општина Велес

**член 5**

Заради остварување на надзорот од член 1 на овоі план, министерот за животна средина и просторно планирање формира Комисија составена од државни службеници вработени во МЖСПП од редот на вработените во Секторот за соработка со локална самоуправа и управни и надзорни работи.

**член 6**

За секој извршен надзор над организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопіе и Градот Скопје, Комисиіата од член 5 на овоі план ке изработи Извештај за извршен надзор со препораки, укажувања и мерки за натамошно постапување и истиот ке биде обіавен на веб страната на МЖСПП.

**член 7**

Доколку при вршење на надзорот се констатирани недостатоци, во извештајот, задолжително се:
- укажува на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво за пречекорување на нивните надлежности утврдени со овоі закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба,


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво и им се дава насоки и утврдува мерки, како и им се определува рок во кој треба да ги отстранат утврдените недостатоци,
- дава препораки за доследно спроведување на надлежностите утврдени со Закон за инспекциски надзор во животната средина и даваат иницијативи и предлози до општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

**член 8**

По извршувањето на надзорот, Извештаот се доставува до градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и до градоначалникот на Градот Скопје и се определува рок во кој треба да се отстранат констатираните недостатоци, односно да се постапи согласно со дадените насоки и мерки во остварувањето на нивната надлежност.

**член 9**

Градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и градоначалникот на Градот Скопје е должен да постапи согласно со насоките и мерките дадени во извештајот на Комисијата, во рокот определен во Извештајот.

**член 10**

Доколку градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и градоначалникот на Градот Скопје не ги преземе утврдените насоки и мерки во определениот рок од извештајот, министерот е должен да достави известување до градоначалникот со укажување во рок од 15 дена од денот на истекот на последниот рок утврден во извештајот да постапи.

**член 11**

Доколку во рок од 60 дена од денот на доставувањето на известувањето од министерот, градоначалникот не постапи согласно со утврдените насоки и мерки и не ги отстрани утврдените недостатоци наведени во извештајот од комисијата, МЖСПП го задолжува Државниот инспекторат за животна средина да постапи по утврдените насоки и мерки и да ги отстрани недостатоците доколку е тоа возможно, во име и за сметка на општината, во рок од една година.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**член 12**

За преземането на надлежностите, МЖСПП го известува Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии.

**член 13**

Доколку и по истекот на една година не се отстранат недостатоците утврдени во извештајот, против градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје, министерот за животна средина и просторно планирање поведува прекршочна постапка согласно со прекршочните одредби од членот 44 од Законот за инспекциски надзор во животната средина.

**член 14**

Овој план се објавува на веб страната на МЖСПП.

**Министер,**
**Naser Nuredini**

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил: Лумни Јашари
Согласен: Тања Пауновска
Одобрил: Државен секретар Каја Шукова


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk